Бог е

# Љубов

а ти?

**Наслов на оригиналот**
„Living God's Love" by Douglas Cooper

**Превод:**
Весна Станковска

**Јазична редакција:**
Томислав Треневски

**Дизајн:**
Лазар Томовски

**Издава:**

АИК „Знаци на времето"
Скопје, ул. „Влае" бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати:**
„МАРИНГ" - Скопје

Даглас Купер

# Бог е Љубов а ти?

# Потребна е вистинска љубов

*„Човековиот дух е Господова светилка која ја испитува сета внатрешност на срцето“.*
*(Мудри изреки 20,27)*

Гледан оддалеку, калифорнискиот државен затвор за наркомани сè уште имаше изглед на убаво хотелско здание, како што некогаш и бил. Сместен меѓу ритчиња, во близина на малиот град Корона, едно време бил одморалиште за жителите на Холивуд. По извесно време се намалил интересот за тој објект. Работата одела слабо, а разочараните сопственици го продале на државата.

Убавото бистро езеро, опкружено со дрвја чиишто лисја правеа длабока сенка, сè уште создаваше пријатна атмосфера. Меѓутоа, униформираните стражари, бодликавата жица и тешката железна капија брзо ги присилуваат посетителите да сфатат дека оние што живеат на ова место не се тука затоа што го сакаат тоа.

Кога ние, членовите на групата што дојдовме да ја посетиме оваа установа направивме ред, еден од стражарите на секого ни залепи речиси невидлив број од внатрешната страна на едната рака. Ни беше кажано дека е тоа неопходно затоа што така ќе можеме да поминеме на одредено место под специјална ултравиолетова светлина, а подоцна повторно да излеземе на слобода. Тоа беше конечната потврда на фактот дека установата во која токму сега влегувавме е - затвор.

Часовите брзо поминуваа, додека поминувавме низ различни одделенија и го слушавме говорот за теоретските и за реалните можности за рехабилитација на наркоманите. По извесно време, еден од службениците на управата нè извести дека можеме накратко да поразговараме со неколку штитеници од домот.



Така го запознав Цим, кој стоеше напред. Висок, убав маж, на околу четириесетгодишна возраст, со убавата сребреникава коса се издвојуваше од останатите.

Како што одминуваше разговорот, забележав дека главно молчеше, иако другите затвореници слободно зборуваа за себе и за своите проблеми. Цим не кажа ништо сè до моментот кога дозна дека некои од групата посетители се проповедници.

Откако тивко се накашла, како да го прочистува грлото, сите останати затвореници престанаа да зборуваат.

Прозборе со мек глас: „Пријатели, сакам да ви раскажам нешто! Можеби ќе ви биде од некаква полза. По професија сум лекар. Имав добро развиена приватна практика во својот град. Имав прекрасна и посветена сопруга. Два златни сина. Уживав почитување и доверба од своите сограѓани и од црквата во која припаѓав. Во мојата ординација доаѓаа сè повеќе пациенти. Списокот на извршени предмети станувашe сè подолг. Сè повеќе време поминував со пациентите. Набрзо не можев да одвојам за себе ни половина ден во седмицата. Некогаш спиев на нозе. Изгледаше како

да нема ноќ без итен случај и потреба за некоја неодложна интервенција.

Конечно, обидувајќи се да се ослободам од товарот, почнав да земам по малку дрога. На почетокот тоа беше навистина малку, колку да ми помогне полесно да ги извршувам сите тешки задачи што ги имав во текот на денот. Не бев воопшто вознемирен што го земам тоа. Бев сигурен дека можам да управувам со себе.

Сепак, се случи најлошото. Пред да станам свесен за опасноста, станав заробеник. Веќе не можев без дрога. Ми изгледаше дека ќе се распаднам ако не ја земам. Мислев дека на сè му е дојден крајот.

Верувале или не, не знаев што да правам. Сфатив дека ми е неопходна помош. Чувствував дека не можам да се доверам на ниеден лекар. Се плашев дека тоа нема да биде сочувано во тајност и дека ќе ја изгубам дозволата за работа“.

Цим повремено застануваше, а додека зборуваше, гледаше во своите раце. Додека молчеше за неколку секунди, непоматена тишина владееше со просторијата. Потоа продолжи:

„Пораснав во христијанско семејство и црква. Одев на богослуженија дури и кога станав



лекар. Сфатив дека постои само еден човек на кого можам да му го доверам својот проблем. На мојот проповедник. Одлучив да го посетам. Се надевав дека ќе ме разбере. Повеќе од сè сакав да имам некого што ќе ми помогне за поцврсто да се поврзам со Бога. Знаев дека е тоа единствениот начин да се спасам.

Договорив состанок со проповедникот и отидов во неговата канцеларија. Бев исполнет со чувство на безнадежност. Не губев веќе време. Му кажав дека земам дрога. Му кажав дека сум свесен дека се наоѓам во стапица и дека не гледам излез од кошмарот во кој се втурнав“.

„Мислам дека бев премногу директен“, продолжи Цим. „Никогаш нема да ја заборавам неговата реакција. Ме набљудуваше сиот во ужас и стаписан. Мрмореше: ’Ох, Боже мој. Не, Цим, не ти!‘“

Потоа почна да ми зборува за тоа колку е страшно тоа што му го правам на своето семејство и на црквата. Влегуваше во детали опишувајќи ги последиците што ќе се покажат на мојот углед и во службата. Заврши потсетувајќи ме дека таа страшна грешка ќе доведе до уништување на мојата душа во пеколот“.

Џим повторно застана. Кога малку подоцна продолжи да зборува, гласот му беше потивок и изгледаше уште позамислен.

„Никогаш во животот не сум се чувствувал толку разочаран, изневерен, осамен. Отидов кај тој човек во очајничка потрага по човек што ќе ме сослуша, со кого ќе можам да зборувам, кој ќе ми помогне...

Бев свесен дека не е добро тоа што го правам. Знаев дека во тоа во што бев фатен стои гревот. Знаев дека треба да престане. Затоа и отидов кај него. Не ми беше воопшто потребно некој да ме потсетува на она што веќе и самиот го знаев. Она што се случи тој ден мислам дека доста придонесе за моето длабоко обесхрабрување и уште поголемо разочарување. Целосно ја изгубив надежта дека воопшто ќе се извлечам од таа вртоглава спирала низ која се спуштав и дојдов до овој степен. Ве молам, немојте погрешно да ме разберете. Не се обидувам да обвинам некого освен самиот себе. Јас си го упропастив животот. Откако сум овде, научив многу за животот и за себе. Колку пати сум посакал можностите да се поинакви отколку што се. Можеби и можев да го постигнам тоа“.



Со израз на болка и разочарување што го носи од денот кога отишол да бара помош од својот проповедник и сè уште го има во себе, Џим погледна директно во нас и рече: „Сакам само нешто да ви кажам, пријатели. Ве молам, ако дојде кај вас некој наркоман или кој било друг на кого навистина му е потребна вашата помош, немојте пак да му држите предавања. Сослушајте го и сакајте го таков каков што е. Можеби само така можете да му помогнете“.

Ситуациите во кои пропуштаме да покажеме љубов, иако често поминуваат незабележани, секогаш се трагични. Зошто? Затоа што во срцето на христијанството е Бог на љубовта, кој сака да ја открие својата љубов во нашите меѓусебни односи. Кога незаинтересираноста, рамнодушноста, предрасудите или која било друга пречка ќе ни се најдат на патот, божествената намера не може да се исполни. А тоа, ако се случи и само еднаш, премногу е.

Планот на небесниот Татко е да стигне до срцето на сите грешни, безволни и смртни луѓе. Тој план е заснован на Неговите деца како канал преку кој божествената љубов ќе се споделува во светот. Евангелието во својата најдинамична форма, исткаено е од вистин-

ска љубов меѓу луѓето. Љубовта, покажана на луѓето таму каде што се и такви какви што се. Тоа е вистинската евангелска работа во својата најчиста форма.

Запоставувањето на љубовта е сериозен проблем, затоа што со тоа ставаме на коцка нечиј вечен живот. Тоа може целосно да ја уништи можноста која би му послужила на Бога да привлече кон себе некое човечко суштество, токму во моментот кога му е најпотребно тоа.

Всушност, тоа му се случило и на Цим.

Да тргнеме од кој било пример, секогаш останува фактот дека повеќето луѓе, одвоени од другите луѓе, не можат да ја сфатат ниту да ја доживеат Божјата љубов. Таа мора да се одбие од нив од огледалото на нечиј друг живот, пред да им стане реална и да бидат подготвени да одговорат на неа. Од причини што не ни се доловени, небесниот Татко одлучил дека од нас зависи, од тоа како во рамките на човечките можности ќе му покажеме каков е Тој и каква е Неговата љубов. Библијата вели: „Човековиот дух е Господова светилка која ја испитува сета внатрешност на срцето“ (Изреки 20,27). Значи, преку својот народ Таткото сака да го осветли светот со својата љубов.



Можеш ли сега да ја сфатиш сета сериозност на пропустите што ги правиме кога на ближниот не му ја покажуваме вистинската љубов? Тој пропуст може да направи во очите на друг човек да биде намалена и самата вистинитост на постоењето на Бога и Божјата љубов.

Во својата книга „Среќа меѓу ѕидовите на домот“, Џорџ Вандеман многу впечатливо истакнува дека разводот на бракот во денешно време е толку вообичаен прекин и кршење на човечката љубов, трагичен, затоа што Бог „сака да ја употреби својата љубов, на таткото и мајката, за да може да му ја објасни сопствената љубов на детето. Сега му е оневозможено тоа!“

Се сеќавам како се обидував да посоветувам едно тринаесетгодишно момче. Создаваше големи проблеми и во црквата и на училиште - непријатен, одбивен, безволен за каква било соработка. Изгледаше дека никој не може да му се приближи.

Кога било сосема малечко, мајка му умрела, а таткото го напуштил. Најраните години од својот живот ги поминало во сиропиталиште, потоа како посвоено дете одел од едно семејство во друго. На крајот стигнало во домот на некоја религиозна двојка, која и покрај големото трпе-

ние и искуство со деца решила да се откаже од обидот да се грижи за ова несреќно дете.

Еден ден се обидов да разговарам со ова момче, во малата библиотека, каде што директорот на училиштето го беше пратил да ме побара. Сè уште како да се слушам себеси како му зборувам колку го сака неговиот небесен Татко.

Признавам, и сега се чудам како не ми се насмеа в лице. Го заслужив тоа.

Тој што никогаш не ја доживеал љубовта на земниот татко или мајка, многу тешко може да го замисли небесниот татко исполнет со љубов. Постојат безбројни емоционални пречки кои драстично ја намалуваат вредноста на духовните вистини. Како можат да веруваат луѓето дека Бог, кого не го гледаат, ги сака, кога тие што можат да ги видат никогаш не покажале љубов на некој поделотворен начин? Барем не тогаш кога најмногу им било потребно.

Тој што е во таква емоционална и духовна безнадежност, мора најнапред да ја доживее топлината на вистинската човечка љубов, пред да биде во состојба или да има волја да одговори на Божјата љубов.

Денешниот свет е полн со несигурност. Нема љубов. Еден од три брака во САД завршува



со развод. А повеќето останати често се несреќни. Многубројни напразно проживеани животи всушност се последица од фактот дека големиот, подарен од Бога, дар на љубовта е во распаѓање. Тоа им создава понатаму многу и големи тешкотии на луѓето, спречувајќи ги да се запознаат со Бога и со Неговата љубов.

Вината, стравот и длабоката загриженост се во пораст. Ракот на омразата, бунтовништвото, незадоволството, разочарувањето и насилството секојдневно напредува. Злото стана нападно, дрско и многу нетрпеливо.

Поразителни резултати може да се видат насекаде. Тие одат многу подлабоко од самите погрешни постапки, од прекршувањата на законот, погазениот морал, покажаното непочитување...

Најголема грижа на христијанинот не е новиот морал, кој дозволува експлозија на гревот!

Нешто многу потешко од тоа го нагризува срцето на несреќните жители на планетата Земја. Библијата јасно ни зборува за таа трагедија предизвикана со плимата од зло што ќе го преплави светот токму пред второто Христово доаѓање. И поради многубројните беззаконија, љубовта ќе се излади кај мнозина (Матеј 24,12).

Најважна задача за современиот христијанин не се состои во оплакување и јадосување поради тоа што на секој чекор расте плимата на злото. Од тоа нема никаква полза. Наместо тоа, тој треба да ја искористи можноста да ја изврши својата возвишена задача и да го објави евангелието, радосната вест за Божјата љубов, на генерацијата која не знае што е љубов, затоа што уривачката сила на злото практично ја исфрлила од човечкиот живот.

Потребно е љубовта што ја добиваме од Исус Христос да ја споделиме во овој свет, за да застанеме против гревот и да го надминеме огромното зло што суштествува денес. Во овој завршен час мораме да им помогнеме на луѓето во целост да ја доживеат ваквата љубов. Не можеме, не смееме да пропуштиме луѓето длабоко и вистински да ги сакаме.

Оваа книга е напишана за да им помогнеме на сите да ја исполнат оваа најважна задача.



**2 ГЛАВА**

# Најголемиот грев

*„Секој одеше по својот пат“.*
*(Исаија 53,6)*

Тоа дете требаше да биде нејзино прво дете. Просторијата која толку долго беше чувана за „бебето“ беше добро исчистена, а подот изгланцан. Ѕидовите беа украсени со слики со разиграни понија и легнати кученца.

Внесена е нова убава колепка. Во полн сјај стоеше среде собата. Нозете на кои стоеше беа покриени со богато набрана завеса од бела свила, украсени со свилена лента. Внатре, над нежното жолто ќебенце, имаше два пара внимателно исплетени чевлички од волна. Едниот пар беше со црвена, а другиот со сина боја.

Кога ѝ дојде првата болка, почувствува возбуда, затоа што тоа долго очекувано случување само што почнуваше. Но во времето кога веќе беше примена во болница, чувствуваше дека нешто не е во ред. Докторот ѝ ја зеде раката, раката која сега стана толку бледа што сините вени јасно ѝ се оцртуваа на кожата. Ја држеше така неколку моменти без зборови, на мошне професионален начин, но со нескриено внимание и сочувство. Потоа ѝ кажа дека настапиле некои тешкотии.

Неопходно беше веднаш да се изврши операција. Многу љубезно ѝ објасни дека операцијата мора да се изврши за да се спаси нејзиниот живот. За детето веќе ништо не можеше да се направи.

Докторот подоцна кажуваше како таа вест ја скршила оваа жена. Во голема мака и во длабока безнадежност, побарала веднаш да се види со својот сопруг и со својот проповедник. Според учењето на црквата во која припаѓала, постоел обред што требало да се изврши во ваква ситуација. Бидејќи била посветен верник, таа со голема сериозност побарала да се изврши тоа.



Докторот веднаш по телефон го повикал нејзиниот свештеник и му објаснил што се случило. Го замолил брзо да дојде. Човекот на другата страна од кабелот одговорил дека е во тој момент презафатен со некоја работа. Рекол дека многу повеќе би му одговарало да намине во болницата утредента, затоа што тогаш ќе имал повеќе време. Додал дека во вакви околности и самиот доктор или медицинската сестра, можат да ги извршат работите, со што би се задоволило спроведувањето на неопходниот обред околу детето. Потоа ја спуштил слушалката.

За многумина грев е да не се верува во она во што треба да се верува. Или, да не се послуша она што навистина треба да се послуша. Тие мислат дека направиле грев само тогаш кога ги прекршиле Десетте заповеди. Меѓутоа, да се ограничува гревот само на ова значи да се нема правилно сфаќање на гревот. Тоа е целосен пропуст во сфаќањето на неговата суштина и на вистинската опасност.

Постои текст во Книгата на пророкот Исаија, кој гласи: „Сите скитавме како овци“ (Исаија 53,6). Лесно можеме да го протолкуваме значењето на овие зборови дека е секое човечко суштество - грешник. Меѓутоа, проро-

кот во овој текст не останува само на оваа основна вдахновена забелешка. Тој настојува да даде впечатлива библиска дефиниција за гревот, додавајќи: „и секој одеше по својот пат“.

Ете, тоа е грев! Тоа е кога се ставаме самите себе на првото место, додека на Бога и на останатите им припаѓа второто место. Тоа е одење по сопствениот пат без оглед на тоа колку е тој пат „исправен“ или „добар“ или „морален”, додека патот по кој Бог сака да одиме го запоставуваме или не го прифаќаме.

Според зборовите на Господ Исус, Божјиот пат, суштината на вистинската побожност е да се сака Бог и да се сакаат луѓето со сето свое срце, со душата и со мислите. Логично е да се заклучи дека суштината на гревот е да не се сака.

Во животот се случува вака: правиме грев не покажувајќи ја љубовта, затоа што пред сè сме преокупирани со потребата да ги задоволиме сопствените потреби, додека потребите на другите човечки суштества ги запоставуваме. Тоа е вртење кон сопствениот пат. Токму тоа го направил свештеникот кога не дошол во болницата дента кога младата жена го повикала во момент кога имала голема потреба.



И светот и црквата се полни со такви што вака му скратуваат и на Бога, и на луѓето. Повеќето од нив воопшто не ја сфаќаат грешноста на својот себично насочен начин на живот. Повеќето, дури и оние што се сметаат за христијани, се толку ревносни, толку страсно насочени кон задоволување на сопствените потреби, целосно зачаурени во лушпата на сопствената себичност, што воопшто не се интересираат за потребите на другите.

Влада составена од луѓе што вака мислат и дејствуваат, на крајот би ја уништила и најсилната нација. Ако во управата на некоја работна организација има луѓе во чие срце не постои грижа за доброто на останатите, многу брзо ќе се оптовари целата заедница.

Црквата чиишто верници се навикнале да ги запоставуваат потребите на другите, без оглед на исправноста и вредноста на нејзината теологија, не му служат ниту на Бога, ниту на луѓето. На многу искрени напори во делото на објавување на евангелието често им недостига овој неопходен, за животот важен фактор - љубовта. Наместо факелот да се пренесува, со него често несмасно се ракува. Пламенот на љубовта речиси е изгаснат.

Примерот што го потврдува овој став се наоѓа во искуството на ефесјанската црква. Начинот на кој на почетокот нејзините верници му служеле на Бога бил многу угоден на Господа, затоа што со откривањето на Исусовиот дух небесната светлина отсјајувала во нивната љубов и сочувство.

За жал, дошло време кога ја запоставиле Божјата љубов. Наместо љубовта, се појавиле други особини. Се вовлекла себичноста. Вниманието насочено кон блиските, брзо паднала под власт на желбата да се оствари лична полза. Христијаните во Ефес почнале да ја запоставуваат својата најголема должност – да ја откријат Божјата љубов на светот. Престанале да ги пренесуваат Исусовата љубов и сочувство. Конечно, го изгубиле она што некогаш им било сѐ.

Пламенот се изгаснал.

Во текот на својата долга историја, христијанската црква постојано ја повторувала ова трагична грешка. На крајот, еве јасна опомена дека последната, лаодикејската црква, ќе ја направи истата страшна грешка. Таа ќе се најде во состојба кога нејзината најголема потреба ќе биде вистинско, делотворно искуство на



Божјата љубов. Верниот сведок ќе биде присилен да ја советува и да ја опомене дека нејзината единствена надеж се наоѓа во нејзиното ревносно барање „во оган прочистено злато“. Златото на љубовта.

Оваа Црква е напредна црква. „Богат сум и се збогатив“. Таа е успешна... Способна. Сама на себеси доволна. Има сѐ. Ништо не ѝ недостасува - освен љубов.

„Состојбата на многумина, меѓу оние што се нарекуваат деца Божји претставено е токму во веста на лаодикејската црква“, напишала вдахновената писателка Елена Вајт. „Оние што имаат познавање од вистината, не ја познаваат во целост колку што би можеле. Тие не дозволуваат Исусовата љубов да влезе во нивните срца и во нивниот живот“.

Црквата денес има стручни проповедници чијашто елоквентност и способност прави совршен спој за извршување на особената работа за објавување на вистината и охрабрувачката вера.

Црквата има стручни администратори - луѓе чиешто управување и работење, според вредноста, не е ништо помало од она на раководителите на угледни фирми.

Сето ова е добро и на свое место. Нема сомнеж, сето тоа е важно и неопходно. Но кажете ми нешто: каде се во црква стручњаците за сакање?

Каде се оние што имаат способности да ги задоволат длабоките потреби на срцата на исплашените луѓе, луѓето што живеат во овој свет соочен со смртта? Каде се оние што се грижат? Оние што имаат разбирање? Оние што имаат време да сослушаат? Оние што знаат да сочувствуваат, да ја поднесат туѓата неволја?

Некое момче од Харлем се сретнало еден ден на аголот од улицата со проповедникот кој многу пати му тврдел дека Бог го сака. Бидејќи и во таа ситуација му го кажал тоа, момчето одговорило: „Мачно ми е и уморен сум од слушање како луѓето зборуваат за љубовта. Сакам да ја видам љубовта што има раце и нозе".

Има ли во Црквата некој што сака да му помогне на ова момче?

Каде се стручњаците што можат да ја преточат Божјата љубов во зборови, како што можел и Исус? Зборовите, кои можеле да се вклопат во речникот на грубите рибари или на некоја необразована жена од улица?



Каде се личностите што ќе можат веднаш да ја објават Божјата љубов со самиот израз на своето лице, со тонот на својот глас?

Каде, каде се стручњаците за љубов? Човештвото, кое е на патот на пропаста, веќе долго го чека задоцнетото излегување на сцена на најдлабоките човечки потреби.

На светот ништо друго не му е толку потребно како човечките суштества што се подготвени еден на друг да си ја откријат љубовта на Спасителот. Целото Небо чека на мажите и жените со чија несебична помош Бог може да ја открие оваа незадржлива сила на христијанството.

Бог е љубов - а ти?

# Определени за љубов

*„Те љубам со вечна љубов,*
*затоа ти запазив милост“.*
*(Еремија 31,3)*

Тоа утро еден мој добар пријател, инаку свештеник во една голема болница, влезе во собата на штотуку примена пациентка. Дебела, побелена, жената на педесетина години што ја сретнал во собата не била само болна туку и уплашена и многу вознемирена.

Застанувајќи покрај нејзиниот кревет, свештеникот љубезно почнал да се претставува.



Пред да успее да се доискаже, жената пламнала: „Не сакам да видам никакви свештеници. Имам јас своја црква. Го сакам патот во кој верувам и не сакам ништо друго да ми се проповеда. Не сакам да ме посетувате додека сум овде во оваа болница. Ве молам, оставете ме на мира“. Свештеникот полека се свртел, подготвен да ја напушти собата, но застанал и тивко рекол: „Не дојдов овде да ви проповедам. Дојдов да ви ја откријам Божјата љубов“.

Пациентката за момент се сепнала. Нејзината напнатост како да попуштила. Се насмевнала и рекла: „Добро, тогаш влезете и седнете. Токму сега ми треба многу Божја љубов!“

За време на престојот на оваа пациентка во болницата, мојот пријател секојдневно ја посетувал, затоа што таа сакала. Меѓу нив се развило вистинско, искрено пријателство, а свештеникот подоцна раскажуваше дека таа пациентка многу брзо ги пронашла возвишените вредности и утехата во Евангелието.

Науката за човековата психа јасно укажува на фактот дека најголемата и најитна потреба на секое човечко суштество е да биде сакано и прифатено. Сè друго во животот зависи од тоа како е задоволена оваа голема потреба.

Бог лично им ја всадил во срцето на сите луѓе оваа длабока желба и потреба за љубов и дружење. Тоа е всушност Божјиот сеопфатен дар за Неговите деца. Неспорен е фактот дека тој постои дури и во животот на најзакоравените личности, дури и кај оние што сметаат дека си се доволни сами на себе.

Христос во моментот на својата агонија и искушение во Гетисманија копнеел за сочувство од своите ученици. Сакал некој да биде покрај Него, да се грижи, да разбере. За жал, немало никого. Апостол Павле, самостоен и решителен, често копнеел за сочувство и пријателство, кога извршувајќи ја пионерската работа за Бога бил притиснат со тешкотии и осаменост.

Бог во сите нас ја всадил силната желба да бидеме сакани. Таткото така го овозможил и својот влез во нашиот живот. Секој што го бара Бога го прави тоа во рамките на постапките со кои бара да ги задоволи сопствените потреби за љубов и прифаќање. Во согласност со оваа вистина, Таткото ги привлекува кон себе сите луѓе. Ова е и подлогата на која христијаните мораат да ги засноваат сите свои напори, Божјото царство да го воспостават во срцата на своите пријатели. Сите што ќе доживеат да бидат спасени, ќе бидат, благодарение и на љубовта. А љубовта започнува во Бога: Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост (Еремија 31,3).



Само љубовта може да ги урне пречките. Само љубовта ги отвора вратите на човечкото срце за вистината, затоа што ја задоволува нивната најголема потреба. На секое човечко суштество „му е потребно многу љубов!“

Бог има доволно љубов за да ги задоволи сите потреби на светот, кои тој толку многу ги посакува. Бог ја има доволно за да му ја даде на секого во изобилство.

Постои само еден проблем:

Љубовта не е вистинска, таа ја нема својата вредност ако не се покаже. Од причини што му се познати само Нему, Бог направил во покажувањето на својата љубов да зависи од својот народ. Своето скапоцено богатство Тој го става во земјени садови. Ги одбрал човечките суштества за да ги пренесуваат Неговите благослови низ светот. Неговата слава треба да свети низ нив и да ја растерува темнината на гревот. Бог сака човечките суштества да им помогнат на грешниците, на оние на кои им е потребна службата на љубов.

Бог сака човекот да стане посредник, пренесувач на топлината и љубовта на светот. Човековиот дух е Господова светилка која ја испитува сета внатрешност на срцето (Изреки 20,27).

Навистина е трагично што толку многу можности пропуштил Божјиот народ за да ја изврши својата единствена улога дадена од Бога. Тажно е што толку често пропуштал да ја покаже Божјата љубов, а колкупати можел да ја покаже. Себичноста и истинатоста речиси го изгаснале пламенот на љубовта. Некои што тврдат дека се христијани заборавиле дека Бог очекува од нив да го претставуваат Христос.

Што значи да се претставува Христос? Тоа не значи ништо повеќе и ништо помалку, туку да им се открие Божјата љубов на луѓето како што и Христос го правел тоа. Тоа била силата која ги привлекувала сите луѓе кон Него. Изразот на љубовта на Неговото лице, убавината на Неговиот карактер која можела да се забележи во изразот на лицето и во тонот на гласот ги привлекувало сите кои сè уште не биле навлезени во неверството.

Неограничената Божја љубов била Христова омилена тема. Зборувал за неа и ја откривал со својот живот. Тој бил љубов. Неговиот посебен



дар за луѓето се состоел во особената можност да ја согледаат вистинската Божја природа. Таа жива вистина во која се открила Татковата желба да ја задоволи најголемата човечка потреба, била и причина за Неговото доаѓање - да ја сподели со нас.

Тоа скапоцено познавање на Бога, таа љубов доживеана со Бога, е голем дар доверен на Божјиот народ. Бог сака да го споделиме тоа со светот.

Секој христијанин треба да биде пренесувач на љубовта!

Понекаде и понекогаш оваа небесна визија што ја има Таткото за нас речиси е изгубена. Ние луѓето се трудиме да го нагласиме она што има помала вредност.

Најлесно е да се направи најмал грев. Тоа е незабележлива промена во човечкиот живот. Најтешко можеме да го препознаеме во себе. Општеството брзо ќе го натера убиецот да го согледа своето злосторство. Прељубникот знае во своето срце дека направил прељуба. Крадецот што има и најмалку разум знае дека неговите дела не се ниту морални ниту исправни. Но, кога е во прашање оној што го крши законот на љубовта, тогаш единствено тивкиот